Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Бр. 10-2716/2
Скопје, 22.-10-2021 година

ДО
Институт за Европска политика (ЕПИ) - Скопје

ПРЕДМЕТ: Мислење по Предлог-иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година на Институтот за Европска политика (ЕПИ)

Почитувани,

Од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, доставени ни се Ваши препораки/предлози кон Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година, согласно Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политика (Службен весник на РМ 99/2011).

Дозволете во оваа прилика да се заблогодариме за конструктивните препораки/предлози и при тоа да Ве информираме дека истите беа внимателно разгледани од страна на Министерството за правда.

Дел од препораките се веќе содржани во постојната Стратегија за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 со Акциски план. За имплементација на Стратегијата, досега подготвени се два годишни извештаи и тоа за 2018 година и за 2019/2020 година. Во Акцискиот план на Стратегијата, се предвидени дел од препораките во предлог иницијативата кои се однесуваат на правната рамка и истите се во тек на реализација, и тоа: подготвка на измени и дополнувања на Законот за судскиот буџет, Законот за платите на судиите, Законот за платите на јавните обвинители, Законот за судска служба и Законот за јавнообвинителска служба.

Во однос на пробацијата, донесена е нова Стратегија за развој на пробациската служба 2021-2025 година со Акциски план, каде судовите се поставени како една од основите алки во пробацискиот систем, со цел зачестена примена на оваа мерка. Во рамки на четвртата компонента на ИПА проектот „ЕУ поддршка за Владеење на правото", која се однесува на фундаменталните права и алтернативните мерки се предвидени активности во кои фокусот е ставен на обука за пробација на сите заинтересирани страни особено на судиите.

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Новиот предлог Закон за медијација е во собраниска процедура. По неговото усвојување ќе се пристапи кон подготовка и донесување на сите подзаконски акти кои произлегуваат од истиот.

Дозволете на крајот да нагласиме дека препораките содржани во предлог иницијативата ќе бидат земени во предвид и подетално разработени во новата четири годишна Стратегија за реформа на правосудниот сектор, чија подготовка се очекува да започне во втората половина од наредната година.

Министерството за правда останува отворено за соработка во однос на сите предлози/препораки кои ќе придонесат за зголемена независност, непристраност и ефикасност на правосудниот систем, со цел зголемена доверба на граѓаните во правосудниот сектор.

Ви благодариме.

Со почит,

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА**
**м-р Бојан Маричиќ**

Изработил: Марко Кржалоски, Советник, Сектор за ЕУ
Контролирал: Бојана Босилкова, РО, Сектор за ЕУ
Одобрил: м-р Фросина Тасевска, Државен советник